Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 30/0306
22.02 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 1 февруари 2024 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Објавата „Сексуалното задоволство е нешто што треба да се негува, но е поткопано со порнографија. Задоволството без врска може да создаде форми на зависност – рече Папата“, на 17 јануари 2024 година на ФБ страната на „Фокус“, отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во членот 20 од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**Ж А Л Б А**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 19 јануари 2024 година, Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ подонесе жалба за објава со наслов: ***„Сексуалното задоволство е нешто што треба да се негува, но е поткопано со порнографија. Задоволството без врска може да создаде форми на зависност – рече Папата“,*** објавена на 17.01.2024 на ФБ страната на списанието „Фокус“.

Жалителот посочува дека „откако порталот ја објавил оваа содржина, без оглед што, иако станува збор за текст кој во себе има детали за говорот на Папата и станува збор за став на јавна личност, кој искажува дека „сексуалното задоволство е дар од Бога“, но исто така ги повика католиците да избегнуваат порнографија“, забележани се коментари од читателите под оваа објава со пцости, навреди, погрдни зборови, клевети и закани. Жалителот смета дека „читателите очигледно не го прочитале текстот, ами одма лекомислено влегле да коментираат со јазикот на омразата“.

Основи за жалбата се: Говор на омраза и дискриминација. Односно, нарушување на членот 20 од насоките за етичко известување на онлајн медиумите. Жалителот притоа цитира и коментари за кои смета дека се говор на омраза и дискриминација. На пример: „ Benzin, zapalka i da se dovrsi rabotata“, па нагласува дека говорот на омраза се поврзува со тенденциозно настапување, кое резултира со создавање на предуслови, кои во крајна инстанца може да резултираат со криминал од омраза. Дискриминацијата, пак се однесува за ставање на општествени групи во понеповолна позиција со што се загрозува нивниот интегритет и општествена интеракција во целина. Од КВИР повикуваа и на медијација, нагласувајќи дека: „Медиумите не можеме да ги оквалификуваме како креатори на говорот на омраза, затоа го повикуваме медиумот на медијација, со тоа што ќе го острани коментарот со говор на омраза, а како алатка медијацијата е за мирно решавање на споровите“.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со списанието „Фокус“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До денот на одржување на седницата на Комисијата не беше доставен одговор.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот е прекршен членот 20 од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите.

> *- **Член 20** „Онлајн медиумот е одговорен и за содржината на објавените коментари од своите читатели, објавени на веб-страницата на онлајн медиумот во просторот за коментари, под новинарските содржини.*
> *- 20.2. Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на 2 правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.*
> *- 20.3 Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др.*
> *Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата одржана на 1 февруари 2024 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата со мнозинство одлучи дека е прекршен Член 20 од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите,поради следните причини:
Според текстот, Папата се јавува да каже дека сексот е благословена работа, бидејќи е дар од бога. И со тоа предизвикал доста реакции на ФБ страницата на „Фокус“, како и со истата објава на веб-страницата на неделникот. Според некои членови на Комисијата повеќето од коментарите се навредувачки отколку дискриминирачки или со содржина на говор на омраза. Грото зборуваат за педофилијата, па во коментар може да се прочита дека и Папата е педофил:„ Педофилот се јави-Вистина се јави“, па „ Za toa najmnogu gi koristite maloletnite decinja i kazuvate za gospod“. Исто така, дека изостанува дискриминација во коментарите, бидејќи во нив не се спомнува некоја ранлива група, која може да биде дискриминирана, па да се зборува за нејзина заштита.

Од друга страна, покрај навредите кон Папата, има и коментар: „Benzin,zapalka i da se dovrsi rabotata“, што е говор на омраза. Ова посебно може да ги погоди припадниците на католичката вера. Со вакви коментари за искажувањето на Папата, тие би можело да се почувствуваат згрозени.

Оттука мнозинството членови на Комисијата одлучи дека е нарушен членот 20 од Насоките за етичко известување на он-лајн медиумите. Особено во делот дека :
*Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи*
Комисијата ја имаше предвид и праксата на Европскиот совет за човекови права. ЕСЧП смета дека дури и еден коментар кој содржи омраза, особено коментар во кој се повикува дека некој треба да биде убиен, е доволно за да се пристапи сериозно.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре образложено. Во работата на седницата учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби бара од „Фокус" да ја објави оваа Одлука во рок од три дена од добивањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595